YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

6

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

6

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Год. IV бр. 6 1979

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА
ОД СРМ, СКОПЈЕ

Редакциски одбор:

Проф. Димче Коцо
Д-р. Константин Петров
Д-р. Коста Балабанов
Д-р Блага Алексова
Д-р Петар Миљковиќ—Пепек
Д-р Борис Петковски
Антоние Николовски
Љубица Дамјановска
Загорка Расолкоска—Николовска

Одговорен уредник
Антоние Николовски

Техн. уредник
Д-р Коста Балабанов

Јазична редакција
Евтим Манев

Коректор
Спиро Ристиќ

Зборникот се печати со средства на Републичката заедница за култура и Друштвото на историчарите на уметноста од СРМ

Адреса: Музеи на Македонија

Печати Граф. завод „Гоце Делчев“, Скопје, Тираж 1 000 примероци

СОДРЖИНА

стр.

1. *Проф. д-р Константин Петров,* Кон отворање на прашањето за соодносот меѓу светителските култови и уметничкото влијание кај спомениците во регионот на Јужен Балкан — — — — — — — — — — — — — — 3

2. *Соња Абаџиева Димитрова,* Македонското современо сликарство во шестата деценија — — — — — — — — — — — — — — — — 13

3. *Велимир Величковски,* Новооткриени документи за вајарот Ефтим Андонов од Куманово — — — — — — — — — — — — — — — — 33

4. *Велимир Величковски,* II Две платна од Апостол Христов-Фрчкоски 37

5. *Љ. Дамјановска,* „Нерешки мајстори" — — — — — — — — — — 41

6. *Ирина Субовиќ,* Борис Петковски „Откривања" — — — — — — — — 43

7. *Алексоска Захаринка,* Хронологија на настани од областа на Македонските современи ликовни и применети уметности (Јануари 1978 — септември 1979) — — — — — — — — — — — — — — — — — 47

*ИРИНА СУБОТИЌ*

## БОРИС ПЕТКОВСКИ: „ОТКРИВАЊА“

По заслуга на скопскиот издавач **Мисла,** во Скопје излезе од печат книгата студии и есеи на д-р Борис Петковски, еден од најистакнатите македонски историчари на уметноста, основач и доскорешен директор на Музејот на современата уметност во Скопје. Насловот на неговото дело, **Откривања,** наполно е во согласност со содржината и суштината на материјата на која ѝ е посветена, зашто Петковски беше во можност прв, а често и единствен, да дава суд за вредностите и појавите во современата македонска ликовна уметност, за нејзините развојни текови, за националниот идентитет пред сè, а потоа и за одделни уметници, чие творештво им беше помалку или повеќе познато на публиката и на стручната јавност ширум Југославија. И иако најголем број од студиите на Петковски, есеи, критики и прикази, се веќе објавени главно во македонскиот печат, или преведени на српскохрватски јазик, средбата со текстови собрани во една книга секогаш дејствува како ново познанство, како ново испитување на ставовите и можност за споредба, на едно место, на искажувањата за различни проблеми сврзани со модрената уметност.

Книгата **Откривања** е поделена на три поглавја: најзначајниот текст во првото поглавје, под наслов **За македонската уметност,** се однесува до прашањето за националното и до традицијата во современата македонска уметност (во поголем дел е објавен во списанието **Уметност,** Белград, бр. 17, јануари-март, стр. 37—41). Петковски го застапува становиштето дека „целокупниот досегашен развој на современата македонска уметност, кој ги опфаќа приближно четирите последни децении од овој век, претставува процес на материјализација на една специфична (визуелна, пластична, естетска) форма на изразување на македонското национално битие и неговата култура“ и ги споредува положбата и развојот на творештвото во Македонија со феноменот на мексиканската ликовна школа, за која познатиот италијански теоретичар и историчар на уметноста Џулио Карло Арган

напишал дека е израз на виталноста на мексиканскиот народ, докажана во текот на четиривековното ропство под Шпанците во својата неисцрпна инветивност и експресивна сила. Наоѓајќи паралела меѓу развојниот тек на мексиканската и македонската уметност и националниот идентитет во нив, Петковски наведува дека старата, средновековна византиска уметност — каква што се развивала во Македонија — дала формални елементи за современото ликовно творештво, и била поттик и инспирација заправо благодарение на долго потиснуваното национално распознавање. Цитирајќи ги ставовите на Миодраг Б. Протиќ, д-р Лазар Трифуновиќ, Алекса Челебоновиќ, Ото Бихаљи-Мерин и на други познати и постари југословенски критичари што и во поранешните периоди пронаоѓале специфични одлики кај македонските уметници, Петковски ги анализира опусите на Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Димитар Пандилов-Аврамовски и на други уметници од постарата генерација во кои ги распознава македонскиот дух и израз, а потоа, во делата на уметниците од средната и помладата генерација, прави суптилни дистинкции меѓу фолклорната инспирација, руралното, селското во традицијата (Ордан Петлевски, Димитар Кондовски, Богољуб Ивковиќ, Борис Николовски) и создавањето нова традиција низ новиот урбан простор транспониран со современ пластичен јазик (Душан Перчинков, Томо Шијаковиќ, Спасе Куноски, Петар Хаџи Бошков). Се разбира дека во новиот урбан простор — кој со својата современост аплицира универзални вредности и космополитички дух — е потешко да се пронајде исклучително македонски национален сензибилитет.

Второто поглавје од книгата на Борис Петковски им е посветено на **Македонските уметници,** сликари и вајари за кои авторот пронаоѓа зборови и формулации на длабоко разбирање, поддршка и анализа, настојувајќи секогаш да ја истакне нивната автентичност, нивната припадност кон амбиентот од кој потекнуваат и својствениот ликовен јазик што им обезбедува присуство во современоста, што за критичарите и историчарите на уметноста од некое друго поднебје би било секако потешка и често недостижна задача. Меѓу најзанимливите анализи спаѓаат текстовите за Никола Мартиноски (на чие дело Борис Петковски ја има одбрането својата докторска дисертација), за Ордан Петлевски, Родољуб Анастасов и Душан Перчинков.

Најпосле, во третиот дел, се поместени два текста што зборуваат за проблематиката на **Ѕидното и монументалното сликарство во Македонија,** кое во југословенски размери доживеа свој процут, посебни вредности и даде нови обрасци по катастрофалниот скопски земјотрес во јули 1963 г., иако неговите корени — имајќи ги предвид одблесоците од средновековниот живопис — се наоѓаат уште во предвоеното сликарство (делата на Никола Мартиноски) или во раното повоено (Борко Лазески).

Пишувана со богат критички јазик, со длабоко и осведочено познавање на релевантната литература и паралелите во уметностите

на другите југословенски народи, книгата **Откривања** на Борис Петковски, во овој час, може да се сфати како мала, збиена историја на современата македонска ликовна уметност на која ѝ недостига само понекое име и синтетички однос спрема целината. Незаобиколна во секое трагање по идентитетот на современата македонска ликовна култура, оваа книга е поттик и во другите наши средини да се осведочат перата на истакнати историчари на уметноста и на критичари што ѝ се посветиле на современата уметност. По ветераните на нашата историја и теорија, во последно време се сретнавме со такви драгоцени книги од Желимир Кошчевиќ, Владимир Рожиќ, Милош Арсиќ . . . Список краток за толку разгранетото творештво каква што е нашата денешна ликовна уметност.

